СЕГА Р. Македонија

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2010

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2010

**Издавач**
КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ
ОРГАНИЗАЦИИ СЕГА

**Автор**
Маја Иваноска Крстевска

**Адреса**
Иво Лола Рибар 5
7500 Прилеп, Македонија
E-mail: sega@sega.org.mk
Web: www.sega.org.mk

**Графички дизајн**
Моника Илиоска

**Извршен директор**
Зоран Илиески

# ИНДЕКС

ВОВЕД ..... 4
Младинска политика..... 6
Проект: "Креирање на Локални Младински Стратегии" ..... 6
Проект: „Иницирање на процес на донесување на законски регулативи во РМ кои го уредуваат статусот на младите" ..... 7
Проект: „Истражување на младинските трендови во Република Македонија" ..... 8
Проект: „Следење на имплементацијата на Националната Стратегија за Млади" ..... 10
Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето" ..... 10
Проект: „Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија-Франција и Република Македонија'' ..... 11
Проект: „Младинска стратегија во културата на локално ниво'' ..... 13
Младинско учество ..... 14
Проект: „Совети на млади во општините'' ..... 14
Зајакнување на граѓанско општество ..... 15
Проект: ''Инвестирај во твоето образование" ..... 15
Проект: ''Промовирање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите во Република Македонија" ..... 16
Проект: ''Поддршка на младинскиот активизам" ..... 17
Проект : "Зајакнување на капацитетите на постојните младински организации во своето делување" ..... 18
Проект: ''Поттикнување на младинското учество во неразвиените региони'' ..... 18
Проект: ''Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА'' ..... 20
Организациски активности ..... 25
Меѓународна соработка ..... 25
Соработка со институции ..... 26
Финансии & Администрација ..... 29
Баланс на приходи и расходи - Коалиција СЕГА - 2010 година ..... 29
Административна рамка ..... 31
За СЕГА ..... 32

# ВОВЕД

Од своето формирање во 2004 година па се до денес СЕГА своите активности ги насочи кон воспоставување на стратешко партнерство со Агенцијата за млади и спорт, како одговорна владина институција која работи за младите. Како резултат на ова партнерство СЕГА го иницираше и учествуваше во процесот на креирање на Националната Стратегија за Млади на Република Македонија и Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади. Во понатамошниот период СЕГА работеше на лобирање и застапување за воспоставување на прогресивна правна рамка која ги нагласува младите.

Во изминатата година, со поддршка на програмата CIVICA Mobilitas, имплементирана од Центарот за Институционален Развој, а финансирана од Швајцарската агенција за соработка и развој целосно беше спроведена Годишната Програма на Коалиција СЕГА за 2010 година.

Во 2010 година, СЕГА започна поспецифично да имплементира активности од Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади. Во согласност со истиот во соработка со Агенцијата за млади и спорт започнавме да развиваме механизми за младинско информирање и креиравме Локални Младински Стратегии во 10 општини во Република Македонија. Исто така во соработка со Агенција за млади и спорт воспоставивме тело за следење на имплементацијата на НСМ и иницеравме процес за донесување на законска регулатива во Р.М. која што ќе го уредува статусот на младите луѓе. Една од најзначајните активности, кои ги реализиравме во изминатата година со поддршка на Детската фондација Песталоци, беше презентирањето на Алтернативниот извештај за имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија пред комитетот во Обединетите Нации во Женева. Во полето на детското и младинското учество во Република Македонија подготвивме и Основна студија со која ги утврдивме состојбите со учеството на децата и младите во основните и средните училишта во Македонија ги испитавме можностите од воспоставување на дете правобранител. Преку овие активности директно работевме со нашата целна група – деца и млади.

Во полето на младинското учество на локално ниво продолживме со воспоставување на механизми за зголемување на младинското учество во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки во три нови општини (Кавадарци, Делчево и Струмица). Исто така во 2010 година го промовиравме младинското учество во неразвиените региони во Македонија. Во насока на поголемо учество на младите луѓе во секојдневниот живот, преку досегашното работење СЕГА утврди дека на младите луѓе им е потребен поголем пристап до информации. За таа цел, во партнерство со Агенција за млади и спорт и Локална Самоуправа Прилеп во 2010 година го отворивме првиот Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА во Прилеп.

Во своето работење во 2010 година СЕГА го продолжи процесот на зајакнување на капацитетите на младинскиот сектор во помалку развиените региони, каде е идентификувано ниско ниво на младински активизам. За таа цел, беа идентификувани неформални групи на кои што им обезбедивме поддршка (правна и финансиска) во процесот на регистрирање во здруженија. Во партнерство со Европскиот Младински Форум организиравме настан за вмрежување на Македонските младински организации во кој вклучивме 35 претставници на младински организации.

Исто така, во текот на минатата година подготвивме програма за зајакнување на капацитетите на младинските организации во Република Македонија. Во насока на утврдување на потребите на младите луѓе спроведовме национално истражување за младинските трендови во Р.М. кое го публикувавме во печатена и електронска верзија.

Преку активностите од годишната програма на СЕГА, во текот на 2010 година, директно беа вклучени 6.511 граѓани (претставници на младински организации, општини, национални институции и млади од неформални групи). Во поглед на присутноста во јавноста на СЕГА преку медиумите беа остварени 231  објави во меѓународни, национални или локални медиуми (во вести, гостувања во живо, интервјуа или натписи во печатени и интернет весници).

Гледајќи кон 2011 година и понатаму, СЕГА е спремна за нови предизвици од кои ќе креира можности за да го подобри статусот на младите во Македонија. СЕГА во 2011 година ќе се залага да се подготви закон кој ќе го подобри младинското организирање во Р.М. Како Коалиција, ние се стремиме кон поддршка на младите луѓе во секој аспект од нивниот живот, нашиот успех ќе биде измерен од способноста на младите луѓе да се носат со новите предизвици и да ги искористуваат новите можности. СЕГА ќе продолжи да го претставува гласот на младите и младинските организации од Македонија до локалните и националните институции, како и пред Европските младински асоцијации. За таа цел, ќе ги лоцираме новите потреби и ќе ги вклучиме сите засегнати страни во решавањето на истите. И во иднина, СЕГА ќе продолжи да ја развива младинска политика и да застапува и лобира за подобрување на состојбата на младите луѓе во Република Македонија.




Коалиција на младински организации СЕГА
Извршен директор
Зоран Илиески

# Младинска политика

## Проект: "Креирање на Локални Младински Стратегии"

Проектот „Креирање на Локални Младински Стратегии" се имплементираше во период од 12 месеци (01 јануари – 31 декември 2010 година) во 10 општини во Р.М. (Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Тетово, Штип, Кисела Вода, Илинден, Свети Николе и Радовиш). Целта на проектот беше да се зголеми активното учество на младите во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во локалната заедница преку изготвување на локални младински стратегии. Проектот се имплементираше во состав на годишната програма на Коалиција СЕГА, а беше финансиран од Агенција за млади и спорт, програмата CIVICA Mobilitas (имплементирана од Центарот за институционален развој, а финансирана од Швајцарската агенција за соработка и развој) и 10 Локални Самоуправи (Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Тетово, Штип, Кисела Вода, Илинден, Свети Николе и Радовиш).

Со цел успешна координација и поефективно спроведување на проектот беа организирани 5 координативни состаноци помеѓу проектниот тим и локалните координатори (од 10 општини).

Во периодот јануари – февруари 2010 година проектниот тим во консултација со национални експерти на полето на младинската политика подготвија Прирачник за Креирање на Локални Младински Стратегии. Прирачникот се базира на искуствата во изготвувањето на младинските политики од земјите во ЕУ и ги содржи основните чекори на изготвување на Локални Младински Стратегии и нивно спроведување. Прирачникот е испечатен на македонски јазик во тираж од 1000 примероци, и беше дистрибуиран до локалните самоуправи вклучени во процесот. Електронска верзија на прирачникот е прикачена на веб страната на Коалиција СЕГА (www.sega.org.mk), и истиот може да се преземе преку секцијата за download.

Во текот на месец февруари во секоја од 10-те општини беше формирано координативно тело и работна група. Во согласност со предвидената методологија за изготвување на ЛМС, преку Координативните тела и Работните групи се вклучија локални претставници од подрачни министерства, претседатели и членови на советите на општините, членови на општинската администрација, експерти за младинска политика претставници од младински организации, културни институции, здравствени установи, политички подмладоци, средношколци и студенти.

Во периодот од 19 – 21 март 2010 година во хотел Солферино - Струга беше организирана „Обука за креирање на Локални Младински Стратегии" (ЛМС). На обуката присуствуваа 29 претставници од локални самоуправи, членови на Совет и здруженија на граѓани од вклучените општини. Целта на оваа обука беше да се зајакнат капацитетите на локалните лидери во процесот на креирање на стратегии.

На почетокот на месец април 2010 година беа реализирани фокус групи за утврдување на приоритетни области за младите во кои треба да се делува во секоја од општините. Преку овие фокус групи се дефинираа најзагрозените сфери во кои проблемите на младите се најизразени. Во периодот 27 – 30 април 2010 година беше спроведено анкетно истражување, на примерок од 1037 испитаници на возраст од 15 – 29 години, преку кое се утврдија потребите и се детектираа проблемите на младите луѓе на локално ниво.

Во секоја од општините беше организирана и фокус група за потврдување на наодите од истражувањето и дефинирање на можни решенија на проблемите. Исто така, во овој процес беа спроведени 31 интервју со претставници од локални институции и организации (од 10 општини вклучени во проектот).
Од спроведените истражувања, истражувачкиот тим на почетокот на јули 2010 година подготви анализи за ставовите на младите луѓе во општините по однос на младинските потреби за секоја општина одделно. Во овие анализи беа одредени 3 – 6 приоритети (во зависност од спецификите на локалната средина.

Во периодот јули – ноември 2010 година беа организирани вкупно 53 состаноци на работните групи и координативни тела за креирање на локалните младински стратегии и акциони планови за имплементација на истите.
Работните групи во сите 10 општини во текот на креирањето на ЛМС имаа задача преку работни средби да ги сублимираат резултатите од спроведените истражувања, да ги дефинираат целните интервенции, целите и стратегиите за нивно решавање. Во текот на месец ноември 2010 работните групи во сите 10 општини преку работни средби креираа Акциони планови за првата година од имплементација на Локалните Младински Стратегии. Подготвените драфт верзии од АП во текот на ноември 2010 беа доставени на разгледување до Координативното тело.
Со цел да се обезбеди поголемо вклучување на јавноста, а посебно младите, при креирањето на локалните политики беа организирани јавни расправи по Драфт верзијата на ЛМС во 7 општини. Овој процес беше поддржан со организирање на јавен настан во кој беа вклучени локалните засегнати страни во полето на младите на локално ниво. Поради доцнење со реализација на активностите јавни расправи не беа реализирани во Битола, Кавадарци и Радовиш.
Во текот на ноември – декември 2010 година финалните ЛМС и АП беа доставени до Советите на општините за нивно усвојување. На седница на Советот на општина Гевгелија на 07 декември 2010 година беше усвоена првата Локална Младинска Стратегија, потоа следеше усвојувањето на Локалната Младинска Стратегија за Општина Илинден (24 декември 2010 година), општина Радовиш (27 декември 2010 година) и Општина Тетово, (30 декември 2010 година). Останатите ЛМС се очекува да бидат усвоени во текот на февруари – март 2011 година.
Со спроведување на активностите од проектот „Креирање на Локални Младински Стратегии“ директно беа опфатени 1702 претставници од локални институции и организации од 10 општини во Република Македонија.

## Проект: „Иницирање на процес на донесување на законски регулативи во РМ кои го уредуваат статусот на младите“

Проектот „Иницирање на процес на донесување на законски регулативи во РМ кои го уредуваат статусот на младите“ се имплементираше во период од 01 март – 30 ноември 2010 година. Проектот се имплементираше во состав на годишната програма на Коалиција СЕГА, финансирана од програмата CIVICA Mobilitas. Преку објавен Јавен повик беше избран консултант кој подготви *„Компаративна анализа на домашната и европската легислатива која го уредува статусот на младите“.* Анализата е фокусирана на важни европски документи за младите и законските регулативи, кои се однесуваат на младите и младинските организации, во Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словачка и Словенија.

Анализата се базира на комплементарноста на приоритетите од НСМ, со законската регулатива во Македонија посебно во легислативата која вклучува млади како целна група.
Во насока на презентирање на заклучоците и препораките од анализата, до релевантните институции, во соработка со Агенција за млади и спорт на РМ и Министерството за правда беа организирани 4 Регионални дискусии за иницирање на закон за млади во Република Македонија, и тоа во општините Штип, Тетово, Прилеп и Охрид. Јавните дискусии беа водени од Коалиција СЕГА, а на нив говореа и претставници од Агенцијата за млади и спорт, Министерство за правда, Советот на млади на општина Штип. На дискусиите беа презентирани клучните препораки на истражувањето, според кои е потребно да се подготви *закон за млади* со кој би се опфатиле два сегменти, младинско организирање и младинското учество. Со организирањето на овие дискусии беа опфатени 130 претставници од советите на општините, локалните самоуправи, локални организации / институции, политички подмладоци, средношколци и студенти.

На 30 ноември 2010 година во конгресната сала на Спортскиот Центар Борис Трајковски – Скопје се одржа <u>Национална дискусија за иницирање на закон за млади во Република Македонија.</u> На дискусијата присуствуваа 43 претставници од различни институции и организации како што се: Кабинет на претседателот на Р.М., Генерален Секретаријат на Владата на Р.М., Министерството за правда, Биро за развој на образованието, Министерството за култура, Секретаријат за Европски Прашања, Министерство за здравство, Министерство за Внатрешни Работи, Агенцијата за вработување на Р.М., Агенција за млади и спорт на РМ, Национална Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност, Универзитет за информатички науки и технологии, Студентските Парламенти на Универзитетот Гоце Делчев од Штип и Универзитетот Св. Климент Охридски Битола, Совет на млади од Штип, и претставници на младински организации од Македонија.
Од овие дискусии се обезбедија препораки за содржините и опфатот на законот за млади кои беа доставени до Агенцијата за млади и спорт на Р. Македонија.
Преку спроведувањето на проектните активности директно беа опфатени 167 претставници од национални и локални институции и организации.

**Проект: „Истражување на младинските трендови во Република Македонија“**

Проектот „Истражување на младинските трендови во Република Македонија“ се имплементираше во состав на годишната програма на Коалиција СЕГА, а финансиран од програмата CIVICA Mobilitas. Проектот се имплементираше во периодот април – ноември 2010 година.
Во текот на месец април 2010 година беше подготвена методологија за спроведување на анкета, мапирање на локални организации и политички подмладоци и беше утврден примерокот за секој од опфатените градови со истражувањето (анкетата). Во периодот 14 – 21 мај 2010 година беше објавен повик за анкетари. Повикот беше поставен на web страната на Коалиција СЕГА www.sega.org.mk, профилот на СЕГА на социјалната мрежа facebook и беше испратен до повеќе е-маил листи. Комисијата за евалуација на пристигнатите апликации ги разгледа пристигнатите апликации и од нив селектира 30 апликации. Во периодот на месец мај 2010 година беше спроведена анкета на примерок од 1035 испитаници на возраст од 15 – 29 години во 13 општини.
Тимот на истражувачи во соработка со проектниот тим изготвија прашалник кој беше дистрибуирани до 91 НВОи и 11 политички подмладоци. На прашалникот одговорија 55 НВОи и 1 политички подмладок. Според методологијата на ваков тип на истражување

потребниот повратен одговор од страна на НВОи на кои им беше испратен прашалник изнесува 51%, со што се анализата се смета за релевантна. Целта на спроведување на мапирањето беше да се утврди моменталната ситуација со младинското организирање во Република Македонија, состојбата во која работат младинските организации, формите на младинско организирање и функцијата која ја остваруваат.
Од спроведувањето на истражувањето се обезбедија информации за постоечките потреби и проблеми на младите, познавања на младите за нивните права и начините на нивно остварување, ефикасноста и ефективност на надлежните институции при разрешување на проблемите и иницијативноста на младите во разрешување на младинските проблеми и третирање на младинските прашања.
Во текот на месец август 2010 година беше подготвена методологија за спроведување на 10 тематски регионални дискусии во 5 градови во Р.М. (Прилеп, Тетово, Охрид, Скопје и Штип) со цел да се добијат дополнителни информации соодветно на целите на истражувањето и да се инволвираат поголем број на засегнати страни. На дискусиите беа обработени три теми: Образование, Култура, забава и спорт, Девијантни појави и социјална исклученост, младинско учество, застапување на младите, активизам и волонтерство, младинско вработување и младинско организирање. Со организирањето на овие регионални дискусии беа опфатени 105 претставници на младински организации, политички подмладоци, претставници на средношколски и студентски заедници и сојузи, советници од локалната администрација во општините, претставници од средни училишта и од постоечки универзитети, Центар за социјални работи и советници од советите на општините.

На 12 ноември 2010 година во хотел Holiday Inn, во Скопје, Коалицијата на младински организации СЕГА во соработка со Агенцијата за млади и спорт организираа Конференција на тема „Актуелните потреби на младите во Република Македонија". Целта на оваа конференција беше да се презентира истражувањето и да се генерираат препораки за подобрување на животот на младите во Република Македонија во согласност со податоците како и да се даде придонес кон креирањето и спроведувањето на политиките за млади во Република Македонија. На Конференцијата присуствуваа 55 претставници од национални институции / организации, претставници на политички подмладоци и средношколски сојузи. Податоците од истражувањето предизвикаа интерес кај релевантните државни институции, невладините организации и медиумите. На конференцијата се потврдија добиените наоди од истражувањата и се даде генерална препорака за што е можно поголема вклученост на младинските организации при натамошните дискусии, посебно во процесот на креирањето на идниот закон за млади, чија иницијатива за негово донесување ја покрена Коалиција СЕГА.
Во текот на месец декември 2010 година беше подготвена финалната Анализа од истражувањето за младинските трендови во Р.М. Анализата содржи клучни наоди и препораки од областите кои што беа селектирани во истражувачкиот процес, наоди од мапирањето на младинските организации во РМ како и компаративен приказ на младинското организирање во Македонија, ЕУ и Балканските земји. Анализата е публикувана во печатена (тираж од 100 примероци) и електронска верзија на македонски јазик и е дистрибуирана до национални и локални институции и организации. Електронска верзија од анализата е поставена на веб страната на Коалиција СЕГА (www.sega.org.mk) и е овозможено нејзино преземање преку секцијата за download.

## Проект: „Следење на имплементацијата на Националната Стратегија за Млади“

Проектот „Следење на имплементацијата на Националната Стратегија за Млади“ се имплементираше во периодот февруари – декември 2010 година во состав на Годишната програма на Коалиција СЕГА која беше финансирана од Програмата CIVICA Mobilitas.
Во текот на февруари 2010 година Коалиција СЕГА и Агенција за млади и спорт иницираа процес за формирање на тело/работна група за мониторинг на имплементацијата на НСМ. Според утврдениот план за имплементација на оваа активност Агенцијата за млади и спорт испрати писмени известувања до сите министерства при Владата на Р.М. од кои што побара номинација на нивни претставници кои ќе бидат членови на работната група.
Работната група беше формирана со претставници од Министерство за правда, Министерство за здравство, Министерство за култура, Министерство за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, претставници на Агенција за млади и спорт и Коалиција на младински организации СЕГА. Во текот на 2010 година беа организирани 3 состаноци на работната група за следење на НСМ. На овие состаноци на членовите на работната група им беше презентирана „матрицата за следење на имплементацијата на НСМ“ која што беше употребена за време на „Конференцијата со НВО за промоција на приоритети на сектор млади за 2010 година“ на која што НВОи ги презентираа реализираните активности во согласност со Акциониот План за имплементација на НСМ за 2009 година. На состаноците на работната група беше донесен заклучок според кој министерствата треба најдоцна до 20 секој месец да испраќаат информации за имплементација на одредени активности кои што се во согласност со матрицата за следење на имплементацијата на НСМ.
Во состав на овој проект во периодот јуни - септември 2010 година беше ангажиран експерт кој што изготви Матрица за следење на имплементацијата на приоритетот Младинско учество од Акциониот План за имплементација на НСМ. За таа цел беа подготвени индикатори за специфичните цели (од приоритетот) и инструменти за прибирање на индикатори по специфичните цели. Матрицата за следење на имплементацијата на приоритетот Младинско учество беше доставена до членовите на работната група. Подготвената матрица за следење на спроведувањето на државна политика е прва од ваков вид во Р.М.

## Проект: „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето“

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за Правата на Детето во Македонија“ се имплементираше во период од 6 месеци (01 јули – 31 декември 2010 година), финансиран од Детската Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation). Целта на проектот беше да се направи компактна анализа на примената на Конвенцијата за Правата на детето во Македонија во полето на детско и младинско учество.
Овој проект беше поделен во три компоненти. Првата компонента се базираше на истражување на имплементацијата на членовите од Конвенцијата за правата на детето кои се однесуваат на детското и младинското учество како и проценка за можноста од примена на моделот на детски Омбудсман во основните и средните училишта. Втората компонента се однесуваше на анализа на моменталната состојба со младинското организирање во основните и средните училишта во Македонија и Третата компонента се однесуваше на проценка на функционирањето на воспоставените Совети на Млади во Македонија. Проектот се спроведуваше во 14 градови во Република Македонија: Прилеп, Битола, Кавадарци, Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар, Виница, Штип, Гевгелија, Охрид,

Струга и Ресен. Во состав на проектните активности беа организирани 3 координативни состаноци со проектниот тим и локалните координатори, беше подготвена методологија за спроведување на истражувањето, кое се спроведе преку 2 анкетни истражувања (за детско и младинско учество и заштита на детски права) и интервјуа со педагошко – психолошките служби, класни раководители, претседатели на одделенија / класови.

Истражувањето за првата компонента се однесуваше на утврдување на состојбата со познавањето на детските права, учеството на децата – учениците во донесувањето на одлуките во нивните училишта, потребата од формирање и примена на институцијата дете омбудсман (правобранител) во основните и средни училишта. Целна група на ова истражување беа ученици во 14 основни и 14 средни училишта од Македонија, преку кои се опфатија 2.352 лица од основните и средните училишта. Финалните анализи од истражувањето беа доставени до сите локални координатори.

Во состав на проектот беше направена проценка на програмата Младинско учество во локалната самоуправа. Целта на оваа проценка беше да се документираат постигнатите резултати на советите на млади (СМ) и младинските парламенти (МП) во опитните Штип, Ресен и Радовиш, од иницијативата која започна кон крајот на 2008 година до самиот крај на 2010 година, како и да се утврдат добрите практики и научените лекции со цел да се искористат за подобро функционирање на постоечките, а воедно и како насоки за идните СМ и МП. Во насока на утврдување на функционирањето, предизвиците и пречките, како и размена на искуства на СМ и МП од трите општини од 19 – 21 ноември 2010 година во хотел Белведере - Охрид беше организиран семинар „Совети на млади во општините“ на кој што присуствуваа членови на СМ и МП, формирани во 2009 година, во Штип, Радовиш и Ресен.

За да се обезбедат дополнителни информации од вклучените засегнати страни кои се однесуваат на функционирањето и работата на двете младински тела, беа организирани интервјуа со членови на СМ и МП, градоначалници и претседатели на општински совети.
Од направената анализа, резултатите од семинарот и спроведените интервјуа со вклучените засегнати страни, се изготви Проценка на програмата Совети на Млади која содржи конкретни препораки поврзани со воспоставувањето на младинските тела како и за совети за подобрување на нивното функционирање.

## Проект: „Проект за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија-Франција и Република Македонија''

Во рамките на Проектот за децентрализирана соработка помеѓу регионот на Долна Нормандија - Франција и Република Македонија, раководен од Асоцијацијата на Агенции за Локална Демократија (ALDA), Коалицијата СЕГА ја раководи Акцијата 2 која специфично се однесува на „Помагање на локалните авторитети да дефинираат и имплементираат одржливи и партиципативни младински политики“.
Во текот на 2010 година беа организирани следниве активности:

- Студиска посета во Каен, Долна Нормандија
- Обука „Поддршка на Младински Активизам во средните училишта“
- Видео конференција „Денот на Европа“
- Семинар „Младински Информативен Центар - Алатка за успешна примена на младинските политики“

Во периодот од 8 - 12 март 2010 во Каен - Долна Нормандија се реализираше студиска посета „Стручно насочување и интегрирање на младите“. Студиската посета имаше за цел да се согледаат искуствата и политиките на регионот Долна Нормандија кои се во насока на подобрување на интеграција на младите преку промоција и нивно вклучување на локално и на Европско ниво. Специфично, посетата беше насочена кон согледување на искуствата и иницијативите кои ги превземаат локалните власти за решавање на прашања поврзани со младинско информирање и обуки за младинско вработување.
Во текот на посетата беа остварени средби со организации и институции посветени на социјалната и професионалната интеграција за младите луѓе со цел продолжување на образованието и центри за обуката и усовршување, организации кои работат во полето на младинско информирање со цел да се споделат практиките кои би биле применливи при отворањето на Младинскиот Информативен Центар во Македонија. Делегацијата од Република Македонија ја сочинуваа претставници (млади членови) од Советите на Општините Прилеп, Аеродром, Штип и претставник од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија.

Во периодот од 13 - 15 јуни 2010 година во хотел Климетица –Охрид се одржа обука на тема „Поддршка на младинскиот активизам во средношколскиот живот“. Целта на овој настан беше учесниците да разменат искуства за активизмот на младите луѓе во средношколскиот живот и да се стекнат со нови знаења и искуства, кои ќе ги пренесат на своите врсници. На обуката учествуваа шест средношколци, претседатели на класни заедници, претседатели на средношколски младински организации од Република Македонија и четири средношколци од Долна Нормандија - Франција од истиот профил.

По повод Денот на Европа на 9 мај 2010 година, Коалиција СЕГА и партнер организацијата од Долна Нормандија, House of Europe организираа видео конференција меѓу средношколци од Република Македонија и Долна Нормандија. Видео конференција беше организирана на 9 јуни 2010 година во централната канцеларија на Коалицијата СЕГА. Главната цел на оваа конференција беше да им овозможи на учениците од Македонија и Франција да разговараат за нивните ставови во врска со Европа. Во текот на видео конференцијата врсниците разговараа за културата, уметноста, образованието и социјалниот живот во двете земји. Оваа видео конференција беше можност за учениците од двете земји да дознаат повеќе еден за друг и да ги разменат своите ставови во врска со Европа.

Во периодот од 03 – 05 септември 2010 во хотел ОАЗА – Штип, Коалиција на младински организации СЕГА организираше семинар на тема „Младински Информативен Центар – алатка за успешна примена на младинските политики“. Целта на овој настан беше да се разменат искуствата од воспоставувањето на Младинските Информативни Центри во Македонија и регионот на Долна Нормандија – Франција. На овој настан учество зедоа претставници од локални самоуправи и совети на општини од Македонија како и гости од регионот на Долна Нормандија. На семинарот беа споделени искуствата на младинските информативни центри во Франција и Македонија и беа утврдени можностите за нивна взаемна соработка. Исто така претставниците од локалните самоуправи од Р. Македонија беа воведени во алатките за младинско информирање и им беа презентирани можностите кои ги нудат сервисите за млади на локално ниво.

## Проект: „Младинска стратегија во културата на локално ниво’’

Коалиција на младински организации СЕГА во период од 4 месеци (01 декември 2009 – 31 март 2010 година) го имплементираше проектот „Младинска стратегија во културата на локално ниво“. Проектот беше финансиран од Министерството за култура на Република Македонија. Целта на проектот беше да се изготви и усвои Локална Младинска Стратегија во културата за општина Прилеп.

Предвидени активности од проектот вклучија: утврдување на состојбата/проблеми и потреби, изготвување на драфт Локална Младинска Стратегија (ЛМС) во културата, организирање на јавна расправа која ќе обезбеди учество на јавноста при креирањето на локалните политики, изработка на драфт од јавните расправи и доставување на Драфт од ЛМС во културата до Советот на општина Прилеп.

Во насока на обезбедување на информации потребни за дефинирање на приоритетите и потребите на младите во областа на културата во општина Прилеп на 11 јануари 2010 година беше организирана фокус група во која учествуваа 17 претставници на младински организации, средношколци и студенти. На оваа фокус група се разговараше за постоечките локални активности и стратегии во општината, за тековните проблеми и потреби од кои се утврдија стратешките приоритети на младите во културата.

За потребите на проектот се формираше и Работната група која имаше за задача да ја изготви локалната младинска стратегија за Прилеп. Групата ја сочинуваа 14 членови од следните институции и организации: Театарска работилница, Центар за култура „Марко Цепенков“, Институтот за старословенска култура, Младинско Драмско Студио, Основно Музичко Училиште „Ордан Михајлоски“, Градска библиотека „Борка Талески“, Завод и Музеј, Младински Совет Прилеп и Коалиција на младински организации СЕГА.

Процесот на изготвување на ЛМС во областа на културата се одвиваше преку организирање на 4 состаноци на работната група преку кои беше креирана листа на проблеми (поделени на проблеми по групи) приоритетни потреби; беа дефинирани причини за секој проблем; поставени беа целни интервенции за секој приоритет како и цел за секоја целна интервенција и беа утврдени стратегии за имплементација на секоја целна интервенција.

Со цел да се обезбеди поголемо вклучување на јавноста, а посебно младите и локалните институции, при креирањето на локалните политики на 31 март 2010 година во големата сала на Локална Самоуправа Прилеп беше организирана јавна расправа по Драфт верзијата на ЛМС во културата. Забелешките и препораките по однос на Драфт верзијата на ЛМС во културата кои беа дадени на јавната расправи електронски беа доставени до членовите на работната група.

После доставувањето на финалните забелешки од претходниот процес до работната група следеше процес во кој членовите на работната група ги разгледуваа дадените забелешки и одлучуваа за нивно усвојување.

Финалната верзија од драфт ЛМС во културата во текот на април 2010 година беше доставена до Советот на општина Прилеп за нејзино усвојување. На 04 јуни 2010 година на редовна Седница на Совет на Општина Прилеп Локалната младинска стратегија во областа на културата за општина Прилеп беше едногласно усвоена од страна на советниците.

Со усвојувањето на овој документ општина Прилеп е прва општина во Република Македонија која има подготвена и усвоена младинска стратегија во областа на културата.

# Младинско учество

**Проект: „Совети на млади во општините''**

Од 01 август 2010 година Коалиција СЕГА започна да го имплементира проектот „Совети на млади во Локалните Самоуправи“, финансиран од Балканскиот Фонд за Демократија. Целта на проектот е директно да се поддржи младинското учество на локално ниво преку развивање на институционални механизми во рамките на Локалната Самоуправа, како и да се промовира потребата за транспарентност и отвореност на Локалните Самоуправи. Со проектот ќе се формираат Совети на Млади и младински Парламенти во градовите Делчево, Кавадарци и Струмица по претходна изразена согласност од страна на Локалните Самоуправи за интегрирање на овој модел на учество. На 03 август 2010 година во Централната канцеларија на Коалиција СЕГА беше одржан координативен состанок со локалните координатори од Кавадарци, Делчево и Струмица. На состанокот локалните координатори добија насоки за работа со цел успешно имплементирање на проектните активности. Проектниот тим дискутираше за специфичните активности кои треба да се преземат за имплементирање на поставените насоки за проектот како и за временската рамка за спроведување на активностите. Во периодот август – септември 2010 интензивно се реализираа средби со градоначалниците на Кавадарци, Делчево и Струмица во насока на успешно имплементирање на проектот. Проектот ќе се спроведува до 30 јуни 2011 година.

Во периодот од октомври – ноември 2010 се одржаа повеќе состаноци со групи на млади како што се средношколци, студенти, НВОи, политички подмладоци, етнички групи и други организирани групи на млади. На овие состаноци беше презентирана целта на проектот како и концептот на формирање на младински парламент. По одржувањето на состаноците беше формирано координативно тело на Младински Парламент во сите три градови и беше изработен деловник за работа. По формирањето на координативното тело, беа официјално формирани младинските парламенти во сите три градови (20 октомври - Струмица; 22 ноември - Делчево; 24 ноември – Кавадарци). По формирањето на парламентите, во месец декември 2010 беа организирани состаноци со координативните тела од сите три градови на кои им беа презентирани активностите за зајакнување на капацитетите на членовите на младинските парламенти.
За воспоставување на моделот Совети на Млади, како тело кое функционира во состав на Советот на Општината, беа организирани состаноци со Градоначалниците на Општините Струмица, Кавадарци и Делчево. При тоа на сите вклучени општини им беа доставени примери од статутите од другите општини (кои веќе имаат Совет на Млади) како и насоки за одговорните кои подготвуваат статутарни промени. Статутарните промени беа направени најпрво во Струмица па потоа и во Кавадарци, а додека иницијатива за поддршка на статутарна измена во Делчево е изгласана од страна Советот на Општината. Во декември 2010 година беше објавен повик за членови на Советот на млади во Струмица, со што на средината на декември беше избран Советот на Млади во Струмица кој се состои од 7 членови. Јавен повик во Кавадарци беше објавен во втората половина на декември 2010, но селекцијата од страна на Комисијата за избор и именувања се очекува да биде направена во текот на 2011 година.

# Зајакнување на граѓанско општество

## Проект: ''Инвестирај во твоето образование“

Проектот „Инвестирај во твоето образование“ се имплементираше во период од 01 февруари – 31 мај 2010 година во партнерство со организациите: ЦДРИ од Тетово, МСО од Охрид, МЦПРК од Скопје, МСП од Прилеп и Синергија од Штип. Проектот беше финансиран од Генералниот Секретаријат при Влада на Република Македонија. Целта на проектот беше насочување на младите луѓе во изборот на соодветно високо образование во согласност со потребите на пазарот на трудот и економските потреби.
Во состав на проектот се спроведоа следниве активности:

- Состаноци на локално ниво
- Изработка и дистрибуција на флаер
- Трибини на локално ниво
- Организирање на работилници за развој на критичко мислење

Во текот на месец март 2010 година секој локален координатор организираше состаноци на локално ниво со претставници од Агенцијата за вработување, Стопанска Комора и Советниците за образование. На овие состаноците беа презентирани целта на проектот и предвидените проектни активности и се дискутираше за дефицитарните и суфицитарни кадри во општините. Добиените информации од овие состаноци беа искористени во подготвувањето на анализа за потребни кадри во секоја општина.
Исто така на локално ниво беа организирани состаноци со директорите на средните училишта. На состаноците им беше презентиран проектот, неговите цели и активности, се дискутираше за потребата на истиот и неговото влијание врз младите во училиштето. Во текот на состанокот на директорите им беше побарана согласност (одобрение), за организирање на работилниците во училиштето.
Со цел зголемување на информираноста на средношколците од предвидените градови, во вториот месец од имплементацијата на проектот беа подготвени и испечатени флаери на македонски и албански јазик во тираж од 10.000 примероци. Флаерот содржи информации за постојните државни и приватни факултети во селектираните пет општини и беа дистрибуирани до средношколците од IV година во секоја од селектираните општини. Исто така флаерите беа дистрибуирани во текот на имплементација на сите проектни активности.
Во текот на април 2010 година беа организирани вкупно 10 трибини на локално ниво во сите 5 општини. Во секоја општина беа организирани по две трибини. На трибините присуствуваа претставници од Агенција за вработување, Советникот за образование, претставници од бизнис секторот и универзитетски професори. Трибините беа наменети за информирање, насочување на матурантите во однос на изборот на нивното понатамошно образование. На овие трибини од страна на локалните координатори беа презентирани анализите за дефицитарни и суфицитарни кадри во општината. На трибините се разговараше за тоа каков кадар и е потребен на општината, дали општината има потреба од отворање на нови факултети, кои професии се со најголем број на листите на чекање за вработување, што треба да се направи за да се намали бројот на суфицитарните кадри, кои се можностите за вработување во општината, каков кадар му е потребен на бизнис секторот, на кои професии треба да се насочат младите. Со организирањето на десетте трибини во пет општини се опфатија 461 средношколци (Прилеп 130 средношколци, Охрид 94 средношколци, Штип 103 средношколци, Скопје 34 и Тетово се опфатија 100 средношколци).

Дополнително во секој од селектираните градови беа организирани по 5 работилници за развој на критичкото мислење за средношколците од IV година, на кои бе презентирани дефицитарните и суфицитарните кадри како и заклучоците од одржаните трибини.

Со организирањето на овие работилници директно беа опфатени 546 средношколци од селектираните општини (Прилеп 114 средношколци, Охрид 78 средношколци, Штип 145, Скопје (Кисела Вода и Чаир) 64 и Тетово 145 средношколци).

## Проект: ''Промовирање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите во Република Македонија"

Проектот „Промовирање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите во Македонија" се имплементираше во периодот од 01 јули – 31 декември 2010 година во состав на годишната програма на Коалиција СЕГА, поддржана од Програмата CIVICA Mobilitas.
Во состав на овој проект беше објавен повик за PEER едукатори на веб страната на Коалиција СЕГА (www.sega.org.mk) и беше испратен до повеќе е-маил листи. Комисија за евалуација на пристигнатите апликации ги разгледа апликациите и од нив селектира 22 апликации (6 од Скопје, 2 од Куманово, 4 Тетово, 3 од Гостивар, 1 од Дебар, 1 од Кичево, 2 од Охрид и 3 средношколци од Струга).
Во периодот од 27 – 29 август 2010 година во хотел Солферино – Струга беше одржана Обука за PEER едукатори. На обуката учествуваа 19 средношколци со различна етничка припадност од 8 градови од Р.М. Целта на организирањето на оваа обука беше да се развијат за PEER едукаторските вештини кај средношколци за меѓукултурен дијалог. Во текот на тридневната обука средношколците имаа можност да се стекнат со знаења за тоа што е PEER едукација, што значи да се биде врснички едукатор, кои се предностите и слабостите на врсничката едукација, како и за теми поврзани со меѓукултурен дијалог, како што се начини за надминување на меѓуетничката нетрпеливост и како да се разберат другите со различна религија, култура и националност. Секој од обучените едукатори доби задача да спроведи PEER работилници за меѓукултурен дијалог во својот град.
Во периодот на одржување на обуката беше снимен ТВ спот под мотото „Сите имаме различна култура – Сите сме пријатели". Во текот на септември 2010 беше подготвен флаер во насока на промовирање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите во Македонија.
Согласно планот за имплементацијата на активностите, подготвениот ТВ спот беше предвидено да се емитува на една национална телевизија. Емитувањето на ТВ спотот се реализираше на Националната Македонска Телевизија во период од еден месец со интензитет од 30 емитувања. Тимот на СЕГА успеа да обезбеди бесплатно медиумско покровителство на ТВ спотот уште на една национална телевизија – АЛФА телевизија. ТВ спотот беше емитуван во период на два месеци (ноември – декември 2010) со интензитет од 93 емитувања. Вкупната донација на АЛФА ТВ изнесува 7.184,00 ЕУР.
Во четирите градови (Охрид, Дебар, Тетово и Скопје) беа организирани спортски и музички настани. На овие настани учествуваа млади од сите националности.

- Во Тетово спортскиот настан (фудбалски натпревар) беше одржан на 13 ноември 2010 година во салата Рамстор - Тетово. На настанот активно учествуваа 17 млади со различна етничка припадност. Музичкиот настан беше одржан во Клуб „Амнезија" на 16 декември 2010 година. Овој настан го посетија 50 млади луѓе од општина Тетово.
- Во Скопје спортскиот настан (натпревар во одбојка) беше организиран на 25 декември 2010 година во салата на О.У. „Христијан Тодоровски Карпош" – Скопје. Во спортскиот настан активно учествуваа 70 млади со различна етничка припадност. Музичкиот

настан беше одржан на 10 октомври 2010 година во градскиот Парк Скопје. Овој настан го посетија околу 200 млади со различна етничка припадност.

- Во Дебар спортскиот настан (женски турнир – удирање со топка) беше организиран на 26 декември. На турнирот учествуваа 40 млади девојки. Музичкиот настан (мултикултурна забава – Halloween party) беше одржан на 30 октомври 2010 година. На оваа забава беа доделени награди за трите најдобри маски. Настанот го посетија 400 млади од различна етничка припадност.
- Во Охрид прелиминарните натпревари во мал фудбал беа организирани на 6 и 7 и 13 и 14 ноември 2010, полуфиналните и финалните натпревари беа одржани на 20 и 21 ноември 2010 во спортската сала на С.У „Климент Охридски“ во Охрид. На спортскиот настан учествуваа средношколци од сите средни училишта во Охрид и едно средно училиште во Струга. Музичкиот настан беше одржан на 08 ноември 2010 година во домот на културата во Охрид. На овој настан настапија играорни групи од македонска, албанска, турска, ромска и влашка националност.

Во текот на октомври – декември 2010 година во средните училишта во селектираните градови беа организирани PEER едукации за промовирање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите во Македонија. Целта на овие едукации беше да се едуцираат средношколците за важноста на меѓукултурниот дијалог, надминување на недоразбирања и разликите меѓу младите луѓе, како и почитувањето на културната, религиозната и традиционалната разновидност на младите во РМ, која не треба да биде пречка за нивно пријателство и соживот. Овие едукации беа испорачани од страна на обучените PEER едукатори. Со спроведувањето на оваа активност беа организирани 50 работилници (8 во Тетово, 14 во Скопје, 4 во Куманово, 8 во Охрид, 8 во Струга, 4 во Дебар и 4 во Кичево) и беа опфатени 980 млади со различна етничка припадност од селектираните градови.

## Проект: ’’Поддршка на младинскиот активизам“

Проектот „Поддршка на младинскиот активизам“ се имплементираше во периодот од 01 јуни – 31 декември 2010 година, во состав на годишната програма на СЕГА, а финансирана од програмата CIVICA Mobilitas.

Целта на овој проект беше да се обезбеди поддршка на неформалните групи во процесот на нивно регистрирање во здруженија. Во текот на јуни 2010 година беа испратени барања до општините Кратово и Велес за организирање на состаноци со градоначалниците на овие општини за да се идентификуваат младински неформални групи и да се дискутира за можностите за соработка.

На 28 јуни 2010 година се одржа состанок со градоначалникот на општина Кратово. На состанокот беше договорено дека во текот на наредните месеци ќе бидат организирани средби со млади од општина Кратово кои би биле заинтересирани за вклучување во проектните активности. На 21 јули 2010 во Велес и Кратово се одржаа средби со веќе постоечки неформални младински групи и организации, во насока на зајакнување на капацитетите и нивна регистрација како здруженија на граѓани. На 21 октомври 2010 година во општина Илинден се одржа средба со веќе постоечка неформална младинска група, во насока на поддршка за нивна регистрација како здруженија на граѓани. Целта на овие средби беше да им се објаснат можностите, предностите и придобивките на младинските групи од нивното регистрирање како здружение на граѓани. За младинските групи кои покажаа заинтересираност Коалиција СЕГА во наредниот период обезбеди правна и финансиска поддршка за отпочнување на процес на регистрација.

Во периодот јули – декември 2010 интензивно се одржуваше комуникација со неформалните групи од Кичево, Велес и Кратово. За таа цел, беа подготвени сите документи за регистрација на здруженија на граѓани. Во септември неформалната група од Велес беше регистрирана во здружение на граѓани „Чекори на младите“. Во октомври 2010 неформалната група од Кичево беше регистрирана во здружение „Здружение за Младински активизам НАШЕ ВРЕМЕ“. Во ноември 2010 неформалната група од Кратово беше регистрирана во здружение „Здружение за Младински активизам КРАТЕР“ и во декември неформалната група од Илинден беше регистрирана во здружение „МЛАДИНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ПРИЗМА“.

На 20 ноември 2010 во Централната канцеларија на Коалиција СЕГА беше организирана Средба за ориентација и проценка на капацитетот на организациите и потребите за развој. Целта на средбата беше да се детектираат клучните потреби за јакнење на капацитетите и да утврдување на индивидуалните капацитети кои се на располагање во организациите. На овој настан присуствуваа претставници на новите здруженија (три од овие организации од Кратово, Велес и Кичево беа веќе регистрирани, додека организацијата од Скопје беше во процес на регистрација). На средбата учесниците ја презентираат моменталната состојба во организациите – проценка на капацитетот како и ги утврдија потребите за организациски развој.

## Проект : “Зајакнување на капацитетите на постојните младински организации во своето делување“

Проектот „Зајакнување на капацитетите на постојните младински организации во своето делување“ се имплементираше во периодот 01 јуни – 31 декември 2010 година во состав на годишната програма на Коалиција СЕГА, финансирана од програмата CIVICA Mobilitas.

Во рамките на овој проект беше спроведено истражување на состојбата со младинското организирање во Р.М. Имајќи во предвид дека во текот на јуни се спроведе мапирање за младинското организирање, како дел од истражувањето за Младински трендови, податоците со младинското организирање беа искористени за планирањето на активности во состав на оваа програма.

Од спроведеното мапирање на младинските организации (во кое беа вклучени 103 младински организации меѓу кои регистрирани субјекти, неформални мрежи, младински групи и подмладоците на политичките партии) како и 4 ново формирани организации (на кои Коалиција СЕГА им пружеше поддршка во процесот на дефинирање на полето на работа и подготовка на основната документација потребна за нивно регистрирање) беше изготвена Програма за зајакнување на капацитетите на младинските организации. Во програмата согласно наодите од мапирањето на младинските организации предложени се стратешки насоки за јакнење на капацитетите на младинските организации на долг рок и приоритетни активности за јакнење на капацитетите на новоформираните организации.

## Проект: ’’Поттикнување на младинското учество во неразвиените региони’’

Од 01 октомври 2009 – 31 јули 2010 година Коалиција на младински организации СЕГА го имплементираше проектот “Поттикнување на младинското учество во неразвиените региони“. Проектот се имплементираше во период од 10 месеци во Прилеп, Битола, Ресен,

Охрид, Струга, Гевгелија, Неготино и Кавадарци, а беше финансиран од Националниот Фонд за Демократија (National Endowment for Democracy).
Целта на проектот беше да се зголеми граѓанското учество во креирањето на политики и учеството во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, посебно акцентирајќи ја промоцијата на младинското учество.
Во периодот од 15 јануари – 21 февруари 2010 година беа организирани обуки (2 за Застапување и лобирање и 2 за Младинско учество) на кои учесници беа претставници на 8 организации вклучени во проектот и (млади) советници од Советите и претставници од локалните самоуправи на општините вклучени во проектот (Гевгелија, Неготино, Кавадарци, Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга).
Со цел да ги зајакнеме капацитетите на младите луѓе за учество во процесите на донесување одлуки и политичките процеси на 21 јануари 2010 година беше објавен Повик за доставување на апликации од младинските организациите членки на СЕГА, вклучени во активностите од годишната програма.
Целта на повикот беше организациите да се мотивираат да креираат младински иницијативи (локални кампањи) преку кои ќе ги едуцираат средношколците за учеството во процесите на донесување на одлуки и политичките процеси.
За потребите на овој повик беше формирана Комисијата за евалуација на пристигнатите апликации од повикот „Учество на младите во процесите на донесување одлуки и политичките процеси“. Комисијата ги разгледа пристигнатите апликации и даде препорака за поддршка на иницијативи, кои ќе бидат имплементирани во период од 01 март – 30 јуни 2010 година од страна на следниве организации:

- Младински Совет - Охрид и Младински Форум ОКО – Струга, за иницијативата „Младите можат“.
- Форум на млади - Битола и Голем Град – Ресен, за иницијативата „Активна младинска партиципација и делување“.
- ЗОНА - Кавадарци и Младински Совет – Прилеп, за иницијативата „Информирани – Мотивирани – ВКЛУЧЕНИ“.
- Граѓански центар за превенција и ресоцијализација – Неготино и Младински Совет Форса – Гевгелија за иницијативата „Можеме, знаеме и умееме“.

Во согласност со предвидените активности, проектниот тим во периодот јануари – февруари 2010 година подготви два прирачници кои се од исклучително важни за младинското организирање и работата на младинските организации во Македонија. Во текот на месец март 2010 година, во тираж од по 200 примероци беа испечатени: Прирачник за младинско учество и Прирачник за застапување и лобирање.
И двата прирачници се први од ваков вид на публикација во ЈИЕ и истите се наменети да бидат долгорочна алатка за работа на младинските организации во Македонија, посебно оние организации кои работат во полето на младинско учество и застапување за младински потреби. Заради обезбедување на поголема корисност на прирачниците истите се преведени и на Англиски јазик и е овозможено нивно преземање преку веб страната на Коалицијата СЕГА (www.sega.org.mk) преку секцијата за превземање.
Во периодот од 27 – 28 март 2010 година во хотел Оаза Штип беше организиран Семинар за младинско учество на локално ниво. На семинарот присуствуваа 32 претставници од здруженијата на граѓани, локалните самоуправи и советници од Советите на вклучените општини. Целта на овој семинар беше да се утврдат постоечките модели на младинско учество и да се креираат нови модели на младинско учество на локално ниво. Имајќи ја во предвид структурата на учесниците на овај семинар, истиот беше искористен за вмрежување помеѓу претставниците на ГОи и претставниците на општините. Во текот на работата

учесниците, поделени по општини, разговараа за можностите од заеднички акции со цел зголемување на учеството на младите во креирањето политики и донесувањето на одлуки.
Во периодот март – јуни 2010 година беа спроведени 4 локални кампањи.
**Младински Совет - Охрид и Младински Форум ОКО – Струга** во периодот март – април 2010 година ја имплементираа иницијативата **„Младите можат“. Форум на млади - Битола и Голем Град – Ресен** во периодот март – мај 2010 година ја имплементираа иницијативата **„Активна младинска партиципација и делување“.** Во периодот март – јуни 2010 година **ЗОНА - Кавадарци и Младински Совет – Прилеп** ја имплементираа иницијативата **„Информирани – Мотивирани – ВКЛУЧЕНИ“**, и **Граѓански центар за превенција и ресоцијализација – Неготино и Младински Совет Форса – Гевгелија** во периодот март – јуни 2010 година ја имплементираа иницијативата **„Можеме, знаеме и умееме“.**

Во периодот април – јуни 2010 година беа организирани состаноци со градоначалниците од вклучените општини на кои беше презентиран моделот на учество на младите – Совети на млади кој што во општината би се формирал преку промени на статутот. Од овој процес е добиена согласност од страна на градоначалникот на општина Неготино и е потпишана изјава и Меморандум за соработка. Исто така, првична согласност е добиена од градоначалникот на општина Гевгелија но сеуште не е потпишана изјава и Меморандум за Соработка. Градоначалниците на општина Битола и Прилеп сметаат дека во нивните општини младите доволно се вклучуваат во процесите на донесување на одлуки и нема потреба од формирање на посебно тело – Совети на млади.
Во текот на месец јули 2010 година тимот на Коалиција СЕГА ја подготви публикацијата „Промовирање на младинското учество во неразвиените региони“. Публикацијата содржи успешни приказни од спроведените локални кампањи и претставува анализа на успешни акции со практични препораки за работа на кампањи за застапување. Публикацијата беше испечатена на македонски јазик во тираж од 500 примероци. Заради обезбедување на поголема корисност на публикацијата истата е преведена и на Англиски јазик и е овозможено нејзино преземање преку веб страната на Коалицијата СЕГА (www.sega.org.mk) преку секцијата за преземање. Публикацијата е доставена до вклучените организации и Локалните Самоуправи.

## Проект: ''Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА''

Проектот „Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА“ (МИСЦ) официјално започна да се имплементира од 01 јуни 2010 година. Проектот е финансиран од Агенција за млади и спорт, програмата CIVICA Mobilitas и Локална Самоуправа Прилеп.
Во периодот април - мај 2010 година беа организирани состаноци со градоначалникот на општина Прилеп, претставници од Локална Самоуправа – Прилеп и претставници од локални институции. На состаноците беше презентиран проектот и потребата од адаптација на простор за воспоставување на Младински Информативен и Советодавен Центар. За таа цел, Локалната Самоуправа ги отстапи просториите на поранешното ЈП Водовод со површина од околу 100 м2. Просториите во текот на мај 2010 год. беа адаптирани во согласност со утврдените критериуми за воспоставување на МИСЦ.
За потребите на МИСЦ на 29 март 2010 година беше објавен повик за вработување на персонал (раководител на МИСЦ, социјален работник и соработник за комуникации). Повикот беше објавен на електронскиот локален медиум (ТВ Визија – Прилеп), на веб страната на Коалиција СЕГА (www.sega.org.mk) и на е-маил листи и социјални мрежи. На повикот пристигнаа вкупно 16 апликации. На 22 април 2010 год. комисијата ги разгледа

апликациите и селектира 7 апликации. На 24 април 2010 год. беше спроведено интервју со апликантите. Од спроведеното интервју комисијата даде позитивна препорака за апликанти за позициите раководител и социјален работник. Бидејќи ниту еден од повиканите апликанти не ги исполнуваше критериумите за работната позиција соработник за комуникации, Коалиција СЕГА повторно објави повик на 26 април 2010 година. На овој повик пристигнаа 6 апликации. На 07 мај 2010 год. комисијата спроведе интервјуа со селектираните кандидати и даде препорака до извршниот директор за еден апликант за позицијата соработник за комуникации.

Во текот на месец мај 2010 год. беа развиени специфични работни задачи за секоја од позициите на персоналот на МИСЦ. Со цел да се следи напредокот на проектот беа развиени посебни форми за известување од спроведените активности како и посебни алатки за следење и евалуација на истите. Исто така, во овој период беа развиени форми за евидентирање на корисниците на услугите на МИСЦ. Во текот на месец мај 2010 год. беше закупен простор и домеин за креирање на веб портал www.infosega.org.mk, која се базира на Веб 2.0 методологијата.

Со цел информирање на младите од општина Прилеп за воспоставувањето на Младинскиот Информативен и Советодавен Центар во општина Прилеп беа изработени и испечатени промотивни флаери во тираж од 8000 примероци. Флаерот содржи информации за услугите кои ги нуди ИНФО СЕГА и контакт информации за истиот.

Во текот на месец јуни 2010 год. за потребите на МИСЦ беа припремени и испечатени флаери во тираж од 4000 примероци за информирање на младите за новите услуги како што се: курсевите по англиски и француски јазик и обуки за пишување на CV и мотивационо писмо.

На **31 мај 2010** година беше отворен Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО-СЕГА Прилеп. Центарот официјално беше отворен од страна на Извршниот директор на Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување (ERYICA), Г-дин Давиде Капеки, Раководителот на сектор за развој за младинска политика на Европскиот Младински Форум, Г-дин Дражен Пулјиќ, Извршниот директор на Коалиција СЕГА, Г-дин Зоран Илиески, Директорот на Агенција за млади и спорт, Г-дин Диме Спасов како и Градоначалникот на Општина Прилеп Г-дин Марјан Ристески. На отворањето присуствуваа 50тина гости, претставници од невладини организации, претставници од локалната самоуправа Прилеп, советници од Советот на општина Прилеп, директори на основните и средните училишта во Прилеп како и средношколци и студенти.

Во согласност со планот за развој на човечките капацитети на тимот на МИСЦ на **15 и 19 јуни 2010** година во просториите на МИСЦ се одржаа работилници за креирање на „Комуникациска стратегија“. Оваа стратегија има за цел да се развијат пораки до различните засегнати страни, да се утврдат каналите за комуникација со секој од нив и да се креира акционен план во насока на информирање на различните целни групи за услугите кои ги нуди центарот.

Во насока на промовирање на ИНФО СЕГА на почетокот на јуни беа организирани ИНФО ДЕНОВИ во средните училишта во Прилеп. Исто така беа организирани ИНФО ДЕНОВИ во центарот на градот и во градските паркови. Во овој период беа организирани 4 средби од циклусот **“Денови на младинско информирање“** со претставници на подмладоците на политичките партии во Прилеп, младинските организации, претставници од локалните институции и со директорите на средните училишта во Прилеп.

Во периодот од 15 - 18 јули 2010 ИНФО СЕГА, организираше Инфо Денови по повод **ПИВО ФЕСТ**. Целта на овој настан беше да се информираат младите за постоењето на центарот и услугите кои што ги нуди. Во текот на овие 4 дена, повеќе од 5000 млади го посетија штандот, при што голем дел од нив имаа можност да се запознаат со тимот кој работи во

ИНФО СЕГА, да се информираат за сите услугите кои ги нуди. Интересот на младите беше насочен кон информациите за тековните уписи на факултетите и можностите за стипендии во земјава и странство.

Како дел од обуките за јакнење на капацитетите на персоналот во Инфо центарот на 26 и 27 јуни 2010 година во просториите на ИНФО СЕГА беше реализирана ***„Обука за прибирање на финансиски средства“***. На оваа обука учесниците имаа можност да се запознаат со приодите на прибирање на средства од различни донатори како што се: корпоративни и индивидуални донатори, компании, туристи, прибирање на средства преку специјални настани и други организации. На оваа обука се изготви „Стратегија за прибирање на средства“ за потребите од програмското работење на ИНФО СЕГА. Во период од 03 – 04 јули 2010 година беше одржана „***Обука за обучувачи за PEER едукатори“*** наменета за градење на капацитетите на персоналот на ИНФО СЕГА. Преку оваа обука тимот на ИНФО СЕГА се стекна со знаења и вештини за врсничка едукација, предности и слабости при примената на врсничка едукација.

Во периодот од 08 – 10 септември 2010 за персоналот на ИНФО СЕГА беше одржана „***Обука за обучувачи од областа на младинско вработување (Пишување на CV, мотивационо писмо и однесување на работно интервју)“.*** Тимот на ИНФО СЕГА се стекна со потребното знаење и вештини на темите од обуката за понатаму самостојно да одржуваат обуки од ваков вид.

Во периодот од 17 – 19 септември 2010 беше одржана „***Обука за обучувачи за Раководење со проектен циклус“,*** наменета за персоналот на ИФО СЕГА. На оваа обука учесниците се стекнаа со знаење и вештини за раководење со проектен циклус преку следните сесии: проценка на потреби, анализа на проблем, хиерархија на цели, дефинирање на индикатори, логичка рамка, планирање на имплементација, техники за евалуација и анализа на податоци, типови на евалуација и мониторинг и евалуација.

Во текот на месец септември 2010 беа подготвени постери за услугата советување за млади. Постерите беа испечатени во тираж од 100 примероци. Исто така, во овој период беа испечатени 5000 бележници за книги. Флаерите и бележниците за книги беа дистрибуирани на сите промотивни активности, а постерите беа поставени во сите средни училишта во општина Прилеп.

Во текот на јули - септември 2010 година персоналот на МИСЦ ги обезбеди најновите информации за спорт, НВОи и туристички агенции. Исто така беа ажурирани информациите за образованието во РМ (средно, високо – приватни и државни универзитети, постдипломски студии – приватни и државни универзитети, стипендии во Македонија и странство), информации за културните манифестации и активности во Прилеп, информации за патување (автобуски, возен и авионски превоз), информации за здравство. Секојдневно беа прибирани информации за семинари, обуки, конференции, волонтирање, вработување итн. Овие информации се објавуваат на веб страната на ИНФО СЕГА www.infosega.org.mk и секојдневно се ажурираат. Во насока на што поголемо информирање на младите луѓе од општина Прилеп се креираше e-mail листа info@infosega.org.mk (со 1300 е-маил адреси). На оваа е-маил листа секој понеделник тимот на ИНФО СЕГА испраќа неделно известување со информации за тековните повици за стипендии, семинари, обуки, вработување.

Во текот на месец август 2010 започнаа да се спроведуваат бесплатните курсеви по француски и англиски јазик. Курсевите се одржуваат два пати неделно во просториите на МИСЦ. Курсот по француски јазик го посетуваа 12 млади, а курсот по англиски јазик 30 млади од општина Прилеп. Предавачи на овие курсеви беа волонтери од Франција и Америка.

На 09 октомври 2010 година во организација на МИСЦ и Локалната Самоуправа на Општина Прилеп на плоштадот Методија Андонов Ченто беше одржан јавен настан „Европско образование за Европска Македонија“. На настанот младите беа запознаени со можностите кои ги нуди формалното и неформалното образование, како и позитивните промени во образованието. Гости на овој настан беа: Градоначалникот на Општина Прилеп - Марјан Ристески, извршниот директор на Коалиција СЕГА - Зоран Илиески и советникот за образование од Општина Прилеп - Марјан Матракоски. Со цел да им се презентира на младите европската перспектива од образованието, на повеќе штандови, со свој рекламен материјал се претставија средните и основните училишта од Прилеп, Економскиот факултет, невладиниот сектор и студентскиот дом „Орде Чопела“. На настанот персоналот на ИНФО СЕГА дистрибуираше 1000 флаери и бележници за книги. На 11 октомври 2010, по повод 11 октомври - денот на револуцијата, ИНФО СЕГА во соработка со Локалната самоуправа на општина Прилеп организираше Музички хепенинг. На хепенингот учествуваа голем број на музички групи од Прилеп како и познатата хип- хоп ѕвезда Слаткар. Настанот беше предвиден да се организира на плоштадот Методија Андонов Ченто, но поради лошите временски услови беше организиран во спортската сала Македонија и имаше посетеност од околу 2 000 млади луѓе.

Младинскиот Информативен и Советодавен центар ИНФО СЕГА, по повод Светскиот ден за борба против СИДАта - 01 декември, одржа работилница на тема „Стоп за Сидата во светот и во Македонија“. На работилницата присуствуваа 16 млади, средношколци и peer едукатори за ХИВ / СИДА. Целта на работилницата беше презентирање на најновите информации поврзани со ХИВ / СИДАта во Македонија, презентација за начините на пренесување, превенција и заштита.

Согласно планот за промоција и видливост на МИСЦ во текот на октомври – декември 2010 МИСЦ ги промовираше услугите што ги нуди во средните општински училишта преку организирање на настани за промоција. Во период од три месеци беа организирани 62 презентации во средните училишта во Прилеп (12 презентации во СОУ Гимназија „Мирче Ацев“, 13 во СОУ „Ристе Ристески – Ричко“, 11 во СОУ „Кузман Јосифоски – Питу“, 8 во С.О.У „Ѓорче Петров“ и 18 презентации во С.О.У. „Орде Чопела“). На презентациите тимот на ИНФО СЕГА ги презентираше информациите наменети за средношколците како што се: стипендии за матурантите, програми за бесплатно школување во Америка и дополнителните услуги кои ИНФО СЕГА ги нуди како советување за млади, Информативната брошура за млади и картички со попусти. На сите презентации се дистрибуираа флаери преку кои се пренесоа информациите за бесплатните услуги кои ги нуди ИНФО СЕГА. Со организирањето на овие презентации директно се опфатени 1550 средношколци во Прилеп.

На 30 – 31 октомври 2010 година во малата сала во Општина Прилеп се одржа Обука на врснички (peer) едукатори за сексуално и репродуктивно здравје, вклучително ХИВ / СИДА / СПИ. На обуката присуствуваа 13 ученици од сите средни општински училишта од Прилеп. Обуката имаше за цел да се запознаат младите со моделот на врсничката едукација, техниките на врсничката едукација, да се стекнат со вештини за презентирање пред група, факти за СПИ / СИДА / ХИВ. Обучените peer едукатори помагаа при реализирањето на едукациите за СПИ / СИДА / ХИВ и штетното влијание на алкохолот во нивните училишта. На 06 ноември 2010 година во просториите на ИНФО СЕГА на сите обучени peer едукатори им беа доделени сертификати за обучени (peer) едукатори за сексуално и репродуктивно здравје, вклучително ХИВ / СИДА / СПИ.

**-Одржани едукации за превенција од сексуално преносливи инфекции вклучително ХИВ / СИДА**

Согласно потпишаните меморандуми за соработка со средните училишта, во текот на октомври – декември беа спроведени 17 Едукации за превенција од сексуално преносливи инфекции вклучително ХИВ / СИДА. Целта на спроведување на овие едукации беше да се подигне свеста кај младите како да се заштитат од СПИ/ ХИВ и да се запознаат со симптомите на различните инфекции и штетните последици врз сексуалното и репродуктивното здравје. Со реализираните работилници директно се опфатија 376 ученици.

**-Одржани едукации за штетните последици од алкохолот**

Тимот на ИНФО СЕГА во текот на ноември – декември 2010 испорача 19 Едукации за штетните последици од алкохолот во средните училишта во Прилеп. Со спроведување на овие едукации се подигна свеста кај младите за штетното влијание на алкохолот и последиците од него. На овие едукации присуствуваа 407 ученици.

Во 2010 година тимот на ИНФО СЕГА одржа 2 Обуки за пишување на CV, мотивационо писмо и однесување на работно интервју. На овие обуки присуствуваа 22 млади невработени лица. Целта на овие обуки беше да се обучат младите за да бидат поконкурентни на пазарот на трудот со што ќе се намали невработеноста на младите во општина Прилеп. На обуките младите се стекнаа со знаења и вештини како преку нивното CV најдобро да се презентираат и како треба да се однесуваат на работно интервју.

Со цел младите да дојдат до информации за услуги, институции и установи персоналот и волонтерите на МИСЦ во период од два месеци го подготвуваа Младинскиот информатор – Жолти страни. Сите потребни информации за младите, а се од областа на здравството, образованието, вработувањето, граѓанскиот сектор, спортот и забавата се сместени во овие жолти страни. За потребата од обезбедување на информациите од соодветните институции, тимот на ИНФО СЕГА одржа поединечни состаноци со сите предвидени институции, утврдени во процесот на мапирање, преку кои ги презентираше услугите кои ги обезбедува МИСЦ, целта на информациите кои ќе бидат сместени во публикацијата и разговараше за можноста од соработка. Жолтите страни ќе бидат испечатени во текот на месец јануари 2011 година.

# Организациски активности

## Меѓународна соработка

- **Презентиран Алтернативен Извештај пред ОН Комитетот во Женева**

Како резултат на имплементацијата на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија“, поддржан од Pestalozzi Children’s Foundation беше изготвен Алтернативен Извештај за состојбата од имплементацијата на Конвенцијата за Правата на Детето во Република Македонија.

Во насока на презентација на извештајот пред Комитетот на ОН за Правата на Детето Зоран Илиески, извршен директор на СЕГА и менаџер на проектот, и Марија Нашоковска, член на истражувачкиот тим, присуствуваа на сесијата на овој Комитет наменета за презентација на алтернативните извештаи од НВОи за Република Македонија, во Женева во период од 01 – 04 февруари 2010 година.

- **Состанок во Лион со ERYICA, EURODESK и EYCA**

Трите мрежи ERYICA, EURODESK и EYCA на состанокот во Лион, Франција (30 септември – 03 октомври 2010) се договорија за формирање на нова рамка за соработка и зајакнување на веќе постоечките врски. Во новата мрежа под името "THREE" активно ќе бидат вклучени трите организации и истите ќе работат на подобрување на ефикасноста на нивните мрежи и платформи, како и реализација на заеднички проекти во младинскиот сектор. На состанокот присуствуваа младински информативни професионалци и други претставници од младинскиот сектор, како и претставници од Европската Комисија и Советот на Европа. На овој состанок присуствуваше и претставник од Македонија, извршниот директор на Коалиција СЕГА. На состанокот се обезбеди форум за размена на идеи, искуства и добри практики во контекстот на оваа нова европска рамка на полето на младите.

Беа дискутирани иновативни и заеднички проекти, меѓу кои и ERYICA’s Mind my Mind проектот, Politcamp кој ќе биде организиран од EURODESK како и TRAFO - иновативен проект кој ќе ги вклучува младите луѓе за да ги шират своите мисли и идеи. Сето ова беше проследено со дефинирање на конкретни чекори во насока на соработка на овие проекти.

- **Обука за ЕВС програмата**

Коалиција на младински организации СЕГА беше партнер организација на ЛДА од Суботица, Србија која што во 2010 година го имплементираше проектот “Let’s EVS now”. Во рамките на овој проект од 15 – 22 октомври во Суботица беше организирана обука за ЕВС програмата. Главна цел на обуката беше да се обучат лица поврзани со ЕВС (ментори, тутори, ЕВС промотори) преку подигнување на свеста и разбирањето за квалитетот на ЕВС проектите според стандардите на програмата Млади во Акција. На оваа обука присуствуваа двајца претставници од Коалиција СЕГА (член на управен одбор и претставник на организација членка на Коалиција СЕГА).

- **Настан на Council of Europe и ERYICA**

Во периодот од 20 до 25 септември 2010 претставник од Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и извршниот директор на Коалиција СЕГА присуствуваа на овој настан и учествуваа во процесот на креирање на препораки за младинско информирање на ниво на Европа. Целта на настанот беше креирање на методи за имплементација на новите препораки на Council of Europe насочени кон подобро младинско информирање на членките на Council of Europe. На овој настан учесниците споделија и добија искуство од 18 останати држави од Европа кои работат во полето на младинското информирање. Настанот беше организиран од ERYICA и Council of Europe.

- **Конференцијата за младинско учество и активно граѓанство во Загреб**

Во периодот од 26 – 28 ноември 2010 година извршниот директор на Коалиција СЕГА учествуваше на Конференција за младинско учество и активно граѓанство во Загреб. Целта на оваа Конференција беше да се дискутира за улогата на младите луѓе во општеството и да се придонесе кон визијата на младите за инклузивна Европа. Конференцијата беше организирана по повод Меѓународната година на младите 2010 / 2011 од Мрежа на млади Хрватска и Младински Совет Словенија.

- **Европски Волонтерски Сервис**

Во период од 15 март 2010 - 14 март 2011 година Коалиција СЕГА во соработка со Сеноис од регионот на Долна Нормандија - Франција го спроведуваа проектот „Младинско учество и младинско информирање“ во рамките на програмата Европски Волонтерски Сервис на Европската Комисија. Во проектот е вклучен едн ЕВС волонтер од Франција, Астрид Коурти, која активно учествува во работата на Централната Канцеларија на Коалиција СЕГА, Младинскиот Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА и Младински Совет Прилеп.

## Соработка со институции

- **Потпишани документи за соработка**

Во текот на 2010 година беа потпишани:

- 2 Изјави од градоначалници (општина Неготино и општина Струмица) за учество во проектот “Совети на млади во општините“
- 1 Договор за соработка со Европски Младински Форум за организирање на семинар „Денови на вмрежување во Македонија“
- 1 Меморандум за соработка со Младински Совет Охрид за потребите на проектот „Промовирање на младинскиот активизам во неразвиените региони“
- 1 Договор за ЕВС волонтер – проект „Младинско учество и младинско информирање“ (SENOIUS, Caen, France)
- 1 Договор за учество во презентација на Алтернативен извештај во Женева „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето“
- 1 Договор за соработка со ЗГ Граѓански центар за превентива и ресоцијализација за проект “МОЖЕМЕ, ЗНАЕМЕ, УМЕЕМЕ“

- 1 Договор за соработка со ЗГ ЗОНА – Кавадарци за проект "Информирани – Мотивирани – ВКЛУЧЕНИ"
- 1 Договор за соработка со ЗГ Форум на млади за проект „Поддршка на младинскиот активизам во неразвиените региони"
- 1 Договор за соработка со ЗГ Младински Совет Охрид за проект „Активна младинска партиципација и делување"
- 1 Меморандум за соработка со општина Неготино за потребите на проектот „Совети на млади во општините"
- 3 Меморандуми за соработка со Агенција за млади и спорт за проектите: „Истражување на младински трендови", „Анализа на европското и македонското законодавство кое ги опфаќа младите" и „Следење на спроведувањето на Националната стратегија за млади во Р.М."
- 1 Договор за соработка со Фондација за развој и поддршка – Прилеп за учество во отворен настан „Фестивал на пивото 2010 - Прилеп"
- 1 Меморандум за соработка со општина Илинден за проектот "Креирање на локални младински стратегии"
- 5 Меморандуми за соработка со средните училишта во општина Прилеп (Гимназија "Мирче Ацев„, СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу„, СОУ "Ристе Ристески - Ричко„, СОУ „Орде Чопела" и СОУ „Ѓорче Петров") за спроведување на активности во училиштата од проектот „Младински Информативен и Советодавен Центар – ИНФО СЕГА"
- 1 Договор со АЛФА ТВ за пропагирање на проектот "Промовирање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите во Р.М."
- 1 Договор со Македонска Телевизија за емитување на рекламни пораки во рамките на проектот „Промовирање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите во Р.М."

- **Конференција „Промовирање на ефективно младинско учество во демократските процеси и процесите на донесување на одлуки во Југоисточна Европа"**

Во рамките на Конференцијата „Промовирање на ефективно младинско учество во демократските процеси и процесите на донесување на одлуки во Југоисточна Европа" која се одржа во Охрид, на 11 септември 2010 година Коалицијата на младински организации СЕГА, Агенција за млади и спорт и УМКИ (Udruga za Mladi Korak Ispred) ја потпишаа **Повелба за соработка,** со што и Македонија ќе се приклучи на иницијативата во која веќе учествуваат Хрватска, Словенија и Црна Гора, за воспоставување на мост на база на податоци и информации кои се во интерес на младите од двете држави, вклучувајќи ги тука и државните и локалните институциите, како и невладиниот сектор и поединци.

Целта на т.н. информативен автопат е подобрување на позицијата на младите во општеството на подрачјето на матичните држави, но и пошироко во регионот. Со потпишувањето на повелбата, се очекува да се воспостават локални, регионални и национални партнерства со државните тела, локалните власти, институциите, економскиот (бизнис) сектор, невладините организации и поединците за квалитетно, национално спроведување на политиката за млади.

- **Меѓународен семинар „Денови на вмрежување во Македонија“**

Во период од 27 - 30 мај 2010, во хотел Климетица, Охрид, Коалицијата на младински организации СЕГА и Европскиот младински форум (EYF) организираа меѓународен семинар „Денови на вмрежување“. Целта на овој настан беше да се обезбеди поддршка за формирање на Национален Младински Совет на Македонија. На семинарот учествуваа 35 претставници од младински организации од Македонија како и претставници на неколку Национални Младински Совети од други делови на Европа.

Младинските организации од Македонија работеа на чекорите во насока на подобрување на вмрежувањето на национално ниво со цел да се формира одржлива национална платформа на младински организации во Македонија. Освен од Европскиот младински форум, од Агенцијата за млади и спорт овај настан поддршка доби и од кабинетот н а Претседателот на Република Македонија.

Настанот беше организиран во рамките на country-to-country (држава-до-држава) стратегијата на YFJ со цел да се обезбеди поддршка за основање/консолидација на Национални Младински Совети. По претходно слични настани кои беа организирани во Србија, Бугарија и Црна Гора ова е четврт настан од овој вид во регионот на ЈИЕ.

- **Делегација на ERYICA беше во посета на Коалиција СЕГА**

Во периодот од 30 – 31 март 2010 година, делегација од Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување (ERYICA – European Youth Information and Counseling Agency) во состав од Извршниот Директор, Давиде Капеки, и претставник на Управниот Одбор на истата, Саша Дупор, беше во официјална посета на Коалиција на младински организации СЕГА.

Во текот на посетата делегацијата се сретна со Извршниот Директор на Коалиција СЕГА како и со тимот од централната канцеларија. На средбите се дискутираше за активностите поврзани со отворањето на првиот Младински Информативен Центар во Македонија, за локацијата во која би се сместил Центарот, повикот за пополнување на работните позиции и потенцијалниот датум за неговото отворање. Исто така, се дискутираше за бенефициите и одговорностите од членството на Коалиција СЕГА како организација соработник во ERYICA.

На 31$^{ви}$ март 2010 беше организиран состанок со Градоначалникот на општина Прилеп, Г-дин Марјан Ристески. На состанокот директорот на ERYICA ја презентираше улогата и функцијата на Агенцијата како организација која е одговорна за развојот на младинското информирање во Европа во соработка со Советот на Европа и Европската Комисија, потенцирајќи ја желбата да се зајакне соработката на полето на младинското информирање во Република Македонија. На состанокот, исто така, се дискутираше за отворањето на првиот МИЦ во Прилеп.

# Финансии & Администрација

## *Баланс на приходи и расходи - Коалиција СЕГА - 2010 година*

| | |
|---|---|
| **Состојба на 01.01.2010** | **1.675.794,00** |
| | |
| **ПРИХОДИ** | |
| Членарина | 33.000,00 |
| Наменски донации | 5.866.434,00 |
| Приходи од орочени средства | 48.525,00 |
| Приходи од банкарски камати | 6.587,00 |
| Сопствени приходи (изнајмување на опрема) | 8.000,00 |
| **Вкупно приходи** | **5.962.546,00** |
| | |
| **РАСХОДИ** | |
| ПЛАТИ (Хонорари) | 3.630.549,00 |
| Консултанти | 1.329.372,00 |
| Патни трошоци | 758.290,00 |
| Хотелско сместување | 730.550,00 |
| Дневници | 8.352,00 |
| Освежување за учесници | 127.420,00 |
| Материјали за обуки | 61.300,00 |
| Телефон и интернет | 205.050,50 |
| Фотокопирање | 59.084,50 |
| Канцелариски материјали | 45.662,00 |
| Опрема | 102.098,00 |
| Печатени материјали (брошури, флаери....) | 371.075,00 |
| Грантови | 270.349,00 |
| Банкарски трошоци | 38.158,00 |
| Надомест за услуги (сметководител, ....) | 12.000,00 |
| Други трошоци | 329.688,00 |
| Орочени средства | 312.500,00 |
| **Вкупно расходи** | **8.078.998,00** |
| **Состојба на банкарската сметка на 31.12.2010** | **1.246.842,00 ден.** |

| | |
|---|---|
| Состојба на 01.01. 2010 | **1.675.794,00** |
| Приходи | **5.962.546,00** |
| Орочени средства | **2.000.000,00** |
| **Вкупно** | **9.638.340,00** |

| | |
|---|---|
| Расходи | **8.078.998,00** |
| Орочени средства | **312.500,00** |
| **Вкупно** | **8.391.498,00** |

| | |
|---|---|
| | **9.638.340,00** |
| | **8.391.498,00** |
| **Состојба на 31.12.2010** | **1.246.842,00** |

# Административна рамка

**Управниот одбор** на Коалиција СЕГА се состана 2 пати во текот на 2010 година (11 мај 2010 и 19 ноември 2010 година). На состаноците се дискутираше за имплементацијата на тековните активности на СЕГА, се разгледуваа новите апликации за членство во коалицијата, и беа разгледувани и дискутирани правила и процедури за работата на Коалиција СЕГА.

**Собранието** на Коалиција СЕГА се состана на 11 мај 2010 година. На оваа седница на Собранието на СЕГА беше усвоен записникот на претходната седница на Собранието, беше разгледан и усвоен извештајот од Надзорниот Одбор на СЕГА, беа усвоен програмскиот и финансискиот извештај за работата на СЕГА за периодот на 2009, беше усвоена Годишната Програма за работа за 2010 и беше извршено ревидирање на членството.

Во поглед на јакнење на капацитетите на персоналот**,** тимот на Коалиција СЕГА учествуваше на обуки организирани од Центарот за Институционален Развој и UNICEF.

До 31 декември 2010 година во Коалиција СЕГА членуваат вкупно **31 младински организации (15 основни и 16 придружни организации членки)**.

# За СЕГА

Иницијативата за формирање на Коалиција на младински организации беше покрената од страна на Младински Совет - Прилеп и две партнер-организации за аплицирање и имплементација на проектот "Младински Национален Акционен План". Како продолжение на започнатиот процес, Коалицијата на Младински организации "СЕГА" неформално е формирана на 20 јануари 2004 година со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. На **27 септември 2004 година** Собранието на СЕГА донесе одлука за формално регистрирање на Коалицијата како здружение на граѓани.
Членството на Коалицијата (во овој момент) го сочинуваат 18 полноправни и 16 придружни организации-членки.

Управувачката структурата ја сочинуваат следниве органи:

- Собрание - составено од сите членки;
- Управен одбор - составен од 5 претставници од организации полноправни членки;
- Надзорен одбор - составен од 3 членови.

Извршната структура е организирана во Централна канцеларија со седиште во Прилеп и 5 регионални канцеларии во: Штип, Охрид, Тетово и 2 во Скопје.

**Визија**
СЕГА е одржлива и развиена младинска организација која делува на локално, национално и регионално ниво, долгорочен и сериозен партнер во имплементација на младински програми заедно со младите, НВО-и, државните институции и бизнис-секторот.
Нашето делување доведува до подобрена општа состојба на младите, нивна вклученост во донесување одлуки и примена на законски регулативи.
Нашиот успех се препознава во промовирањето на младите како ресурс во општеството, спремни да одговорат на новите предизвици.

**Мисија**
Коалицијата на младински организации "СЕГА" работи на развивање и примена на младинските политики во РМ, ги поврзува и јакне младите со цел подобрување на нивната општа состојба.

**Вредности и принципи на работа**

- Меѓусебна поддршка;
- Волонтерство;
- Промовирање на младите како ресурс;
- Младински активизам;
- Младинска партиципација;
- Транспарентност;
- Демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- Организирање и вклучување на младите;
- Развој на заедниците;
- Информираност;
- Застапување и лобирање за младинска политика.

Организациските и проектните активности на СЕГА во 2010 година беа поддржани од следните донатори:

- Програмата CIVICA Mobilitas
- Детска Фондација Песталоци (Pestalozzi Children's Foundation)
- Национален Фонд за Демократија (National Endowment for Democracy)
- Балкански Фонд за Демократија (Balkan Trust for Democracy)
- Асоцијација на Агенции за Локална Демократија (Association for Local Democracy Agencies)
- Агенција за млади и спорт на Република Македонија
- Генерален Секретаријат при Владата на Република Македонија
- Министерство за Култура на Република Македонија